| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

# ПРЕДЛОГ ДЕЛОВНИК
## за работа на Собранието на Македонската Риболовна Федерација

Член 1

Собранието го сочинуваат претставници (делегати) од сите здруженија, членки на Федерацијата, кои ги подмириле обврските кон МРФ за 2015 година (уплатена членарина од 3000.00 денари до денот на одржувањето на Собранието), со уредно доставено полномоштво од своето матично здружение.

Член 2

Собранието може да работи и полноважно одлучува ако на истото присуствуваат повеќе од 1/2 (една половина) од вкупниот број претставници (делегати).

Член 3

На Собранието присуствуваат и членовите на Управниот одбор и претседателот на Надзорниот одбор на МРФ и имаат право со гласање да се произнесат по поднесените предлози.

Член 4

Собранието ја започнува својата работа со отварање на Собранието и конституирање на верификациона комисија, која треба да утврди дали присутните претставници (делегати) го исполнуваат кворумот за работа и полноважно одлучување од член 2 од овој Предлог Деловник.

Член 5

Откако верификационата комисија, по разгледување на пристигнатите полномоштва, утврди дека се исправни и дека има кворум за работа и полноважно одлучување, на Собранието му предлага да отпочне со работа.

Член 6

По усвојување на дневниот ред Собранието усвојува Деловник за работа и избира:

- работно претседателство од 3 (три) члена (Претседателот на Собранието и 2 (два ) члена);
- кандидациона комисија од 3 (три) члена;
- записничар и 2 (двајца) оверувачи на записникот.

Член 7

Секој претставник (делегат), со уредно полномоштво, има право да дискутира, да поднесува предлози и да гласа по дадените предлози.

Член 8

Времетраењето на дискусијата на секој дискутант се ограничува на 5 (пет) минути.

Член 9

Седницата ја води претседателот на Собранието. Тој дава и одзема збор на присутните делегати.

Претседателот има право да одземе збор на делегат доколку процени дека истиот се оддалечува од темата, го надминува времето предвидено за дискусија или се однесува непримерно и во својата дискусија користи зборови кои имаат навредлива содржина.

Член 10

За сите дадени (формулирани) предлози се произнесуваат учесниците (делегатите) на Собранието со гласање.

Гласањето е јавно се кревање на рака.

Член 11

На гласање прво се става изворниот предлог на Претседателството, а потоа редоследно останатите предлози.

Доколку се усвои еден предлог за останатите не се гласа.

Член 12

Гласањето по предлозите е јавно, а предлогот се смета за усвоен ако за истиот гласа мнозинството од вкупниот број на присутните делегати.

Член 13

Делегатите се должни да се придржуваат на одредбите од овој Деловник. Во спротивно работното претседателство се овластува да изрекува мерки од типот на опомена, укор па и отстранување на делегат од седницата доколку не се придржува на Деловникот или ја ремети работата на Собранието.

Македонска Риболовна
Федерација